СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ од првото продолжение на 21-та седница, одржана на 23 август 2991 година

Скопје,август 1991 година

21- ВА СЕДНИЦА, 1 ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 23.VII. 1991 ГОД.

Оваа седница ја води ДРАГИ АРСОВ, потпретседател на Собранието на Република Македонија


| ДИСКУТАНТИ: | СТР. |
|---|---|
| ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО | 86, 89, 97, 102 |
| КИРО ПОПОВСКИ | 88 |
| ДРАГИ АРСОВ | 89 |
| НАСЕР ЗИБЕРИ | 91 |
| ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ | 93 |
| ФАИК АБДИ | 94 |
| МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | 95, 109 |
| ТОДОР ПЕТРОВ | 96 |
| МУХАМЕД ХАЛИЛИ | 96 |
| ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | 97 |
| ПАНЧО МИНОВ | 99 |
| ЕФТИМ МАНЕВ | 100 |
| НАСЕР ЗИБЕРИ | 100 |
| НИКОЛА КЉУСЕВ | 103 |
| СОЈАН АНДОВ | 105, 112 |
| НАИМ СЕЛМАНИ | 106 |
| ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | 113 |
| СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | 114, 135 |
| ИСМЕТ РАМАДАНИ | 117, 138 |
| ЕШРЕФ АЛИУ | 119 |
| ЈОРДАН БОШКОВ | 121 |
| ЃОРГИ КОТЕВСКИ | 122 |
| ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | 122 |
| ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | 125 |
| БЛАГОЈ ТАШЕВ | 126 |
| ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | 127 |
| БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | 131 |
| НАСЕР ЗИБЕРИ | 133 |
| МУХАМЕД ХАЛИЛИ | 134 |
| МИТХАД ЕМИНИ | 136 |
| ТОДОСИЕ ПАУНОВ | 137 |

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од првото продолжение на 21-та седница одржана на 23 август 1991 година

Седницата се одржа во сала I со почеток во 12,40 часот. Седницата ја овори и со неа раководеше Драги Арсов, потпретседател на Собранието.

ДРАГИ АРСОВ:

Ве молам да почнеме со работа.

Продолжуваме со дневниот ред од 21-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Душко Горѓески не извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седниацата мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува, по преброjувањето што го добивме од службите. Присутни се 87 пратеници,

Пред да почнеме со работа, дозволете ми да го дадам следното објаснување. Од претседателот на Собранието госпидин Стојан Андов, известен сум дека тој поради ангажираноста што ја има и поради разговорите што ги води со претстацниците на пратеничката група на ПДП и НДП, со кои врши некои дополнителни консултации и разговори во врска со првата точка што е дневниот ред, тоа е текстот на Нацртот на уставот на Република Македонија и од негова страна, а и овде тоа го предлагам од мое име да почнеме со работа по третата точка.

По завршувањето на оваа 3-та точка, потоа ке се вратиме на 1-та точка по извршувањето на тие консултации и разговори што ги има претседателот на Собранието.

По овие објаснувања, доколку нема забелешки, дозволете ми да поминам на 3-та точка од дневниот ред. Тоа е предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за републички референдум со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на Законот ви се поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за

изменување и дополнување на Законот за републички референдум.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака) Дали има некој против? (нема) дали некој се воздржува од гласање? (Никој) Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа сендица да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлог на оваа сеницаа

да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот

претрес,

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Ве известувам дека Комисијата за општествено политички систем поднесе амандман на членовите 7 и 35 од Законот за републички референдум, и како и амандман на амандманот IX на Владата кои се составен дел на Предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе 11 амандмани по текстот на Предлогот на овој закон кој ги поддржа Законодавно-правната комисија. Предлагачот ги поддржа само амандманите 1, 4, 5, 6, 7, 10 и 11, како и став 1 на Амандманот VIII.

Бидејќи предлагачот се согласил со овие амандмани, тие стануваат составен дел на текстот на Предлогот на овој закон.

Со оглед на тоа што предлагачот не се согласил со амандманите на Владата, 2,3 и ставот 2 на амандманот VIII, согласно одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија, собранието треба да води претрес по секој амандман одделно.

Отворам претрес по Амандманот II поднесен од Владата на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот по Амандманот II. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака) Дали има некој против? (7 се против) Дали некој се воздржува од гласање (1 се воздржува)

АЦО СПИРОВСКИ:

Ве молам, само по однос на член 3 имам забелешка. Го прифакаме Предлогот на Комисијата . Тука мислам треба да се појасни по однос на член 3 и член 14 по однос на Законот за референдум. Се кажа дека не знаете за што гласате.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Во името на Комисијата за општествено политички систем, бидејки претседателот кој е извеситтел е отсутен, таа обврска си ја зедов јас и во однос на амандманот II и III кој што го има поднесено Владата на Република Македонија, членот 6 и на членот 7, за двата ќе кажам истовремено, па ако сметате дека е потребна расправа ќе се отвори.

Комисијата не ги поддржа амандманите II и III, бидејки смета овие прашања треба претходно да се уредат со новиот Устав на Република Македонија. Конкретно амандманот II ги детерминира условите во кои што треба да се спроведе референдумот во кои случаи. Текстот на амандманот гласи: референдумот се распишува задолжително за измена на границите на Републиката, за влегување во сојуз со други држави или истапување од сојуз со други држави и за распишување на јавен заем.

Доколку го прифатиме овој амандман II, бидејки е сепак ова Закон за измена на постојниот републички закон за референдум, предлагачот не го смета само за инстант за наменски за оваа природа сега за референдумот, туку како потраен документ сметаме дека овој пат на овој референдум кои што постојниот може да се појави несогласување со постојниот Устав на Република Македонија, бидејќи таму не е во тој однос детерминирано, со уставната материја која се однесува на референдумот. Таму стои дека референдум се спроведува, Законодавно-правната комисија овој референдум го поддржала, користејќи ја преамбулата на Уставот каде што стои дека секој народ има право на самоопределување за отцепување и слично. Меѓутоа, во материјата каде што се разгледува, односно каде што се регулира материјата за референдум тоа не постои.

Значи, нашиот мотив при отфрлањето на амандманот II беше тоа, чисто да не се прави колизија со постојниот Устав и сметаме дека оваа материја треба да се

уреди со новиот Устав. Слична е ситуацијата и со амандманот III кој што во суштина го регулира прашањето за поставување на референдум од страна на граѓани. Амандманот III на владата предвидува предлог на распишување на референдум да можат да поднесат најмалку 150 илјади избирачи со образложение дека тоа е некаде 10% од избирачката маса на Републиката.

Исто така, за овој амандман Комисијата беше на мислење дека, односно Комисијата понуди нов текст една измена, која што би гласела дека освен по прашањето од член 6 Собранието задолжително распишува референдум кога предлог за распишување на референдум ќе поднесат определен број избирачи

утврден според Уставот.

Сметаме дека и оваа материја треба да се регулира со новиот Устав. Овие два амандмана Комисијата не ги отвфрла, мегутоа да не испадне прејудицирање да воведе ншто кое штот реба да се регулира со Уставот. Тоа е по амандманот II и III od Комисијата за општествено-политички систем. Ако Владата смета поинаку, нека се произнесе. Значи ставот на Комисијата која што Владата е предлагач на овој Закон и да не се поддржат амандманите II и III на Владата.

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитувани пратеници, би сакал да потсетам на одредени дискусии кои ги водевме воопшто за референдумот и би потсетил дека во амандмани 74 од постојниот Устав, всушност е даден уставен основ за вакво регулирање кое што го предлага и Владата бидејќи од амандманот 74 на Уставот децидно стои дека одлука за остварување на правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучвуајќи го и правото за отцепување од заедницата на југословенските народи, а тоа значи државно правниот стаутус на Македонија било отцепување, спојување итн., измените на одредбите на Уставот, грботот, знамето и Химната, како и одлуките за минување на границите на СРМ  и за републичките празници се применуваат откако за нив на референдум ке се изјаснат мнозинството грагани во Републиката.

Според тоа, Уставот дава уствен основ да може референдум, а во член 314 исто така се дава можност со референдум, само не е утврден бројот на граганите кои што можат таа иницијатива да ја покренат за прашања од општ интерес да бидат предмет за изјаснување на референдум. Според тоа, не спорам дека во новиот Устав  сите овие прашања треба да се регулираат,изработат и пре-цизираат, меѓутоа сегашниот закон ние го носиме врз основа на постојниот устав а мислам дека овие одредби всушност ја даваат таа можност и всушност тоа беше основа за референдум што го распишуваме на 8-ми идниот месец.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Овде гласавме, меѓутоа, некои рекоа дека некои не знаат за што гласаме и навистина јас мислам дека не беше јасно за повеќето од нас за што гласаме. Бидете трпеливи, не е ова така проста работа како што ни се чини, господинот Поповски се фати пак за амандманот 74. Амандманот 74 ја регулира улогата на референдумот како потврда на одлуки што ги имаше Собранието. Во овој амандман не може да се бара никакво покритие во однос на овој закон, бидејки Собранието треба да донесе одредени одлуки, а потоа д а се спроведуваат со закон. Членот 314 исто така не е доволно дефиниран и детерминиран во однос на она што го н уди Владата во овој амандман II. Мислам дека и во ваква форма како што е предложен амандманот II Владата не го обработува до крај во однос на државните симболи, Химната  итн. Значи не можеме да бараме покритие во амандманот 74, а во однос на членот 314 од Уставот, мислам дека не е до крај дефиниран предлогот во вид на амандман од страна на Владата. Јас ве молам да не брзате, можеби повторно треба да се повтори гласањето, став е на Комисијата за општествено политички систем дека оваа материја треба да се регулира со новиот Устав и тука не гледам никакви пречки. Сум за тоа да се повтори гласањето.

ДРАГИ АРСОВ:

Го чувме објаснувањето на г-дин Јакимовски по втор пат и со тоа можам да констатирам дека предлагачот останува на своето мислење. Меѓутоа, ние веке еднаш гласавме. Бидејќи тие останаа на своето мислење, а затоа и покрај овие

дополнителни објаснувања ние амандманот го ставаме на гласање и по извршеното гласање не знам дали има потреба повторно да гласаме? (нема)

Ако нема, да констатирам дека за амандманот гласаа 54 пратеници, 7 беа против и 1 со воздржа.

Според резултатите од гласањето констатирам дека Собранието го усвои Аман дманот II поднесен од Владата на Македонија.

Отварам претрес по Амандманот III поднесен од Владата на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претре сот по Амандманот III.

Амандманот го ставам на галсање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници). Дали има некој против? (2 пратеници) Дали некој се воздржува? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието го усвои Амандманот III поднесен од Владата на Република Македонија.

Отварам претрес по дел од амандманот VIII поднесен од Владата на Република Македонија кој се однесува на сав 2 од овој Амандман.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збро, го заклучувам претресот по став 2 на амандманот VIII.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Мислам дека не случајно матичната комисија на Собранието која овдека е во својство на предлагач не го прифатила Амандманот VIII односно 2 став од истиот амандман. Зошто го велам тоа? Според Предлогот на Владата Амандманот гласи вака: "На граѓанинот што е неписмен помош во гласањето во согласност со неговата волја му пружа одборот за гласање.

НАСЕР ЗИБЕРИ: (Продлжение)

Мислам дека решението на Комисијата е поприфатливо. Зошто? Со ваквото решение што го предлага Владата се губи тајноста на чинот на гласањето.

Второ, што ќе се случи ако лицето со право на гласање не се согласува, членовите од КОмисијата кои го вршат чинот на гласањето да не пружаат помош при гласањето. Значи право е на тој што гласа сам да определи лице што ќе му помогне при гласањето, а токму тоа го гарантира одредбата од членот 3 од Предлогот на Комисијата за политички систем. Зата не би било прифатливо да го прифатиме амандманот 8 со кој не се согласуваше и Комисијата при повторното

разгледување на амандманите на Владата. Ценам дека ова длабока ќе.ја наруши тајноста на чинот на гласањето и ќе задира во првото на граѓанинот со право на гласање тој сам да определи лице што ќе му помага при чинот на гласањето.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Јас сакам да кажам зошто Комисијата за општествено-политички систем не се согласи со вториот дел на амандманот 8 поднесен од Владата на Република Македонија со кој што се регулира правото на граѓаните на глас и на избор кој што се неписмени. Владата предлага текст со амандманот, на граѓанинот кој е неписмен помош во гласањето согласно неговата волја да му пружа Одборот за гласање. Комисијата не се согласува со ова и го отфрли од причини што неколку пункта се тука карактеристични. Прво и основно е тоа што Зибери пред малку зборуваше дека се повредува тајноста во гласањето, потоа постои голема можност од манипулација и злоупотреби на сето тоа, одборот за гласање како и што ќе му објасни на лицето кое дошло да гласа а е неписмено, дали сепак ќе го каже вистинското за или против и неможе да биде тоа никако прифатливо во однос на тоа што лицето кое што е неписмено дошло да гласа има доверба во својот човек што го води со себе и илузорно е да се очекува дека тоа лице што го води со себе дека може да го злоупотреби сето тоа бидејќи општо познато е дека луѓето од едно семејство гласаат за едно исто. Јас затоа мислам дека Собранието не треба да го прифати овој дел од амандманот 8 бидејќи тие се двете главни причини повредата на тајноста на гласањето и злоупотребата од страна на гласачките одбори, се разбира можни.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Прифатете го или не го прифаќајте тоа е ваша работа меѓутоа Владата се водеше од неколку аргументи кои ниту ги, колегите што беа претходни пратеници, оборија ниту воопшто ги допреја. Се работи за тоа што значи неписмен граѓанин. неписмен граѓанин значи дека тој може да ја изрази својата волја, знае за што сака да гласа и тоа е неспорно, никој тоа не треба да му објаснува. Тој не може да ја препознае својата волја во текстот. Некој мора да му каже кои се делови што прашањето или кои партии се на список. Помошта е техничка. Неписмениот знае да ја изрази својата волја, не треба никој во таа смисла да му помага. Оттаму прашањето за помош е врзано, тајноста на гласањето во овој случај нема никаква врска. Непис-мениот после техничкото објаснување може да го заокружи она што претходно му е објаснето. Се работи за техничка помош. Ако се работи за помош во гласањето на сите нивоа и тој што е со него му сугерира и му објаснува што е што, тоа е сосема друга работа. Тоа не е техничко помагање при гласањето.Според тоа тајноста во гласањето и во едниот и во другиот случај е нарушено. Кај неписмениот човек тајноста на гласањето е нарушена со тоа што некој му објаснува што е тоа. Меѓутоа, во моментот на заоркужување непосмениот човек е повторно сам. Друга е ситуација со човек со телесна мана кој не може да

заокружи па мора некој друг изразувајќи ја неговата волја да му заокружи и тогаш е тајноста на гласањето нарушена, а тоа го прифативте претходно.

Јас овде немам намера да расправам за политичките конотации бидејќи тоа за нас не е важно, но важен беше начинот на кој технички се врши гласањето. Од друга страна прашање на манипулацијата е исто отворена. Ние сметаме дека одбор при гласањето во било која смисла кој е соодветно составен и на паритска и на меѓунационален план е поголема гаранција за спречување на манипу-лацијата од човекот кој го води било кое лице. Одборите за гласање, начинот на нивното составување таков да се елиминираат можностите за влијанија од било која група. Нивниот национален состав, јазичниот состав, јазиците на кои зборуваат. Така се формираат одборите за гласање. И оттаму таков одбор би бил тело кој меѓусебно би се елиминирале можностите да еден член навива односно го манипулира еден во една а друг во друга насока. По наше мислење тоа е поголема гаранција за избегнување на манипулацијата од лицето кое го носи со себе. Тоа е идејата на ова.

ФАИК АБДИ:

Мислам дека не треба да си објаснуваме што значи едно што друго. Дајте тоа да го оставиме на неписмениот нека сам си одбере кој ќе му објасни. Мислам дека тоа е најдобро за да бидеме чисти пред народот, бидејќи знаеме што се прави. Тој што е неписмен нека си определи човек до него, па нека му прочита и нека се определи за што ќе гласа.

МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:

Актот на гласањето е строго интимен и приватен. Улогата на изборните комисии е чисто техничка и контролна. Мислам дека тука нема дилеми кој може неписмениот да го замени, макар и во таа техничка страна. Се друго е манипулација. Не сакам сега да се впуштам во политичките аспекти на ова прашање зошто имаме многу добри искуства од "помошта" на тие изборни комисии што беше пружана на неписме-ниот. Затоа тука не треба да има дилеми. Само неписмениот односно тој што физички е оневозможен да гласа само тој може да го определи лицето кое ќе ја изврши техничката работа во чинот на гласањето.

ЉУБОСАВ ИНВАНОВ:

Ние за една доста споредна работа многу време употребуваме. И едната и другата страна има свои негативности.Сигурно е тоа дека и Комисијата која седи на изборното место може да ја злоупотреби својата улога, но многу повеќе и поголема злоупотреба може да направи таткото на фамилијата кој ќе доведе 12 луѓе и ќе сугерира како да гласаат. Тоа е честа појава. Затоа треба појасно да се каже дека Комисијата ќе му помогне на гласачот ако тој побара помош од Комисијата. Речено е овде по своја волја, но попрецизно тоа да го кажеме. Затоа јас сум за Предлогот на Владата. Владата ова го прави имајќи го предвид тоа што,поготово селските средини еден глас за сите. Секој ќе каже, според законот сум ополномоштен да гласам а тој всушност се наметнвуа на фамилијата и тогаш не доаѓа до израз волјата на поединецот, доаѓа до израз волјата на старателот на

фамилијата.

АБДУРАХМАН АЛИТИ:

Морам да признам дека немав никакво мислење во врска со амандманот ниту со предлогот на Комисијата. Образложението на претставникот е такво што ја сватив дека јас не треба да гласам за амандманот на Владата. Тоа така добро беше објаснето што на прв план се поставува волјата на граѓанинот. Бидејќи се работи за волја тој има право да воспостави однос на доверба спрема тој што место него ќе ја изрази својата волја. Бидејќи не е можно многу неписмени да имаат еднаков однос на доверба спрема двајца или тројца луѓе,с сосема е разбирливо што Комисијата за политички систем предлага кој да доведе лице кое во согласност со неговата волја ќе гласа. Ова всушност произлегуваше и од образложението што го даде претставникот на Владата.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Едно е прашањето за слободното изразување на волјата на граѓанинот, меѓутоа има и друг аспект гласањето а тоа е тајноста. Затоа во контекстот на тоа излагањето на министерот Фрчковски е сосема оправдано.

Сега се поставува и друго прашање. После 45 години задолжително образование јас верувам дека стари луѓе од 80 или 90 години може да бидат неписмени и нема да можат на соодветен начин да ја изразат својата волја односно да го извршат гласањето.Меѓутоа, за млади луѓе кои се родиле од 1945 година па наваму да бидат неписмени во услови кога е задолжително образованието за да не му се сугерира на гласачкото место како треба да гласа, тогаш јас мислам дека тоа е обична политичка манипулација и затоа е сосема прифатлив амандманот 8, став 2 на Владата.

МУХАМЕД АЛИЛИ:

Многу не научно сакаше да го раскаже господин Петров што значи неписмен човек. Во 21 век има разни критериуми за неписменоста. Меѓутоа, факт е дека класични неписмени има во

Југославија има 36%. Има неписмени и меѓу Македонците има и меѓу Албанците.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Комисијата има еден став јас ќе кажам од свое име зошто сум за тоа да се прифати амандман 8 став 2. Ке го прочитам текстот кој гласи: "На граѓанин кој е неписмен помош во гласањето по негова согласност со негова волја..."Значи одлуката да му се пружи помош од страна на Одборот за гласање стои во неговата волја. Никој не исклучува право до моментот на доаѓање некој да си има лице кое ќе му пружи помош надвор од Одборот. Ова е едно право повеќе што се дава да нема случаеви ако нема кој да му пружи помош да го вратат да не гласа. Незнам зошто некој се плаши од правото на демократија. Овде прво е волјата на граѓанинот дури потоа да се пружа помош. Јас не знам зошто се зборува за манипулирање.

Понатаму тоа е работа што се однесува за референдум од јавен интерес за државата а не од интерес на партиите. Друг е интересот кога се поаѓа од интересот на лицата. Тоа е од јавен интерес на државата и овде би имало смисла и ова да се прими без некој да се плаши дека ќе биде злоупотребен, бидејќи еден два или три гласа не значат ништо кога интересот е општ и јавен.

ДРАГИ АРСОВ:

Господин Јакомовски бара реплика.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Не е реплика, туку појаснување бидејќи господин Стојановски рече дека овој амандман го допушта правото да носи со себе човек но до колку нема кого да поведе тогаш во согласност со неговата волја помош му пружа Одборот. Тоа не е така бидејќи последниот ред од првиот став на амандманот 8 вели да се бришат зборовите "или поради тоа што е неписмен". Тоа е оној дел кој што го регулира водењето на лице со себе. Значи, со усвојувањето на Амандманот 8 се елиминира правото да се носи лице со себе, Инаку само да кажам, бидејќи ова е закон што се носи за подолго време, можеби тука требаше да се направи она правило со бои кој што го има на Запад каде што неписмените гласаат врз основа на бојата.

ПАНЧО МИНОВ:

Мислам дека претходниот дискутант Иванов беше најблиску со констатацијата дека и двете формулации имаат свои слабости, но по мое убедување аругментацијата е на страната на објаснувањето од страна на министерот Фрчковски,а тоа се двата аргументи, гарантирањето на слободата на изразувањето на волјата што е неспорно и објективноста во изјаснувањето кое се гарантира, како што тој кажа, што јас се согласувам, со структурата и со составот на комисиите кои го спроведуваат референдумот.

ПАНЧО МИНОВ: (Продолжение)

По мене, со ваквата формулација на Амандманот на Владата фактички се обезбедува само техничка помош на писменото изразување на слободната волја на неписмениот граѓанин. Додека во чинот на самото гласање тајноста се обезбедува.

РИСТО КЕЛЕШОВ:

Почитувани пратеници, мислам дека единствено е прифатлив и принципиелен предлогот на Владата и тоа од следните причини:

Прво, ако го прифатиме принципот помош на неписмено лице, јас ќе ја прашам Комисијата дали таа ќе има инструмент со кој што ако јас донесам 500 неписмени да им помогнам во гласањето дали'ќе може Комисијата да докаже дали се писмени или неписмени.

Освен техничка помош не 'е потребна никаква друга за каква што се залага и предлогот на Владата, бидејќи не е единственокритериум за тоа дали ќе гласам за или против. Можам да створам независно дали сум писмен или неписмен сопствена волја и критериум за тоа како ќе гласам не може да створи единствено човек кој што е хендикипиран во истовреме да биде глув и слеп, однсоно не може да слушне или да прочита или да му прочитаат информација и да не може да создаде свои критериуми.

Конечно Комисијата не може да има состав од типот на повеќепартиски итн. да бидат задоволени сите партии, сите критериуми.

Комисијата треба да биде државна и да дава единствено техничка помош, а својата волја во кабината јас ќе си ја изразам така како што имам создадено критериум во претходните мои сознанија што сум ги добил преку средствата за јавно информирање. Неписмениот може да чуе и да создаде критериум.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, И двата амандмана предложени едниот од Владата, другиот од Комисијата, од излагањата на повеќе пратеници постојат и поделени мислења. Неспорно е дека и во двата амандмана кај оваа категорија на луѓе може да има манипулирање. Бидејќи и двата амандмана дошле пред Собрание предлагам на Претседателстовто, а и сите пратеници да ја прекратиме дискусијата  по нив и да гласаме по истите. Кој амандман ќе добие мнозинство на гласови тој ќе помине. Ми се чини ние не можеме да постигнеме консензус да избереме еден. Како ќе се гласа и кој ќе добие повеќе гласови тој амандман ќе пројде.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Господа, навистина е неприфатлив Амандманот на Владата,

верувајте ако ние вградиме ваква одредба во Законот за референдум ние априори им го ограничуваме правото на граѓаните односно граѓанинот да му даде доверба на човек кој тој сака, априори тоа право ние го стекнуваме само на луѓето кои седат во Комисијата за гласање.

Второ, се постави прашањето што ќе стане ако јас доведам 500 луѓе, па за нив јас гласам. Па ако тие 500 луѓе ти даваат доверба, ти да гласаш во нивно име, тогаш изразуваат иста волја, политичка волја како вие и ништо не е спорно во тој случај. (пратениците реагираат во салата дека се губи тајноста). Во ред е дека се губи тајноста, меѓутоа исто така се губи тајноста и при гласањето кога луѓето кои седат во Комисијата гласаат за тебе.

Трето, се рече дека ова е чист технички акт. Точно е дека е технички акт, меѓутоа дали не постои опасност кога човек од Комисијата ќе му прочита што е да што е не, дали не постои тука опасност да се манипулира неписменото лице кое има право да гласа, па немојте така.

ПАНЧЕ НАСЕВ:

Јас мислам дека предлогот на Владата треба да се прифати од најобични причини што на неписмениот може претходно да му се нацрта целото гласачко ливче и да му се заокружи што треба да гласа и тојког ќе влезе во кабината само едноставно да погледа од едната страна и визуелно да го потврди истото. Према тоа можности за манипулација постојат. А ова за што сега расправаме мислам дека е излишно.

ДРАГИ АРСОВ:

Дали уште некој бара збор?

Ако никој не бара збор, да го заклучиме претресот по амандманот и дозволете ми амандманот на Владата да го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)
За, гласаа 57 пратеници.

Кој е против молам да крене рака. (18 пратеници). Кој е воздржан молам да крене рака. (двајца пратеници).

Констатирам дека Собранието го усвои ставот 2 на Амандманот VIII.

Продолжуваме со претрес на текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Само за момент господин Јакимовски бараше збор (реакција на пратениците во салата и консултација на Јакимовски со Претседателството).

Во ред е, Господин Јакимовски се откажува од збор. Ве молам, по една мала дилема го повторуваме гласањето. (Реакција на пратениците во салата).

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Мислам дека во ред е ова што го говори Претседателството, се работи што еден амандман два имаше поднесено Комисијата за општествено-политички систем, кој што гласи: Референдум се распишува задолжително и во случај кога предлог ќе поднесат определен број граѓани утврден со Уставот. Меѓутоа, овој амандман од Комисијата отпаѓа бидејќи се усвои Амандманот 3 на Владата, така да нема потреба од објаснување бидејќи тој автоматски отпаѓа од текстот на Законот.

ДРАГИ АРСОВ:

Видејќи оваа дилема се расчисти, повторно текстот и предлогот на законот го ставам на гласање и молам повторно да го повториме законот.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака) За,гласаа 66 пратеници.

Кој е против? (17 пратеници гласаа против). Дали некој се воздржува? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изме-нуваше и дополнување на Законот за републички референдум.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, со оглед на тоа дека го изгласавме Законот, барам Собранието да донесе уште еден нов работен заклучок кој во овој случај ќе биде повеќе обврзувачки, пред се за Министерството за одбрана, се со цел да се овозможи на референдумот да присуствуваат сите граѓани на Македонија за да можат да го дадат СВ020Т збор за иднината на Македонија, предлагам Собраниево да донесе заклучок да во тој период бидат оневозможени сите акции пред се акции од мобилизаторски карактер, било поширок или потесен, и ова да биде обврзувачки и за Министерството за одбрана. Тука мислиме и на граѓаните кои што сега се наоѓаат под мобилизација да се овозможи тие да бидат вратени, а доколку се планираат акции од ваков карактер тие да бидатспречени во тој период.

ДРАГИ АРСОВ:

Ова се упатува до Владата односно до Министерството за народна одбрана.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Денеска беа од Командата на III армијска воена област и претседателот на Републиката и претседателот на Собранието и јас присуствував и токму ова прашање беше предмет на дискусија, Коман-дата се сложува да го поддржи референдумот и да овозможи на сите вој-ници нормално да гласаат.

ДРАГИ АРСОВ:

По ова објаснување на претседателот на Владата Никола Кљусев мислам дека нема потреба Собранието да донесува некој посебен заклучок.

Бидејќи оваа точка ја завршивме што беше на дневен ред, предлагам пауза, а после тоа ќе се вратиме на точката по текстот на Нацрт-уставот.

Ве молам едно соопштение, Координаторите на пратеничките групи се замолени после седницата да појдат во сала 44 заради еден договорен состанок.

(Паузата започна во 13,40 минути).

(По паузата седницата продолжи со работа во 18,00 часот).

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа.

Молам, Службата да изброи колку пратеници се во

салата.

Констатирам дека во салата се присутни 87 пратеници и дека можеме полноважно да одлучуваме. Ќе дојдат уште четворица така што ќе бидеме 91 пратеник.

Да продолжиме со претресот по Нацртот на Уставот на Република Макеоднија.

Денес, тоа е веројатно најважна задача. Потрошивме доста време на воедначување на ставовите како по ова трајно политички одговорна задача да бидеме сите достојни на задачата што овде ја имаме од страна на избирачите.

Сакам да ве запознам дека до сега имаме пријавено 10 дискутанти

што сакаат да учествуваат во расправата. Се пријавија уште четворица, значи вкупно се 14 учесници во расправата. Молам, да се има предвид природата на расправата да се изнесуваат предлози што после ќе бидат во составен дел на предлозите кои ќе бидат дадени во јавната расправа, а ќе се имаат во вид при изработката на Предлогот, т.е. овде сега на Текстот на Нацртот не даваме амандмани. Не е вообичаено и не е во постапката предвидено.

Од таму очекувам учесниците во расправата да се придржуваат на таквиот тек на расправата и да се даде можност на сите односно пократко да се дискутира.

На списокот прв е Наим Селмани,

(реакција од присутните пратеници да се ограничи времето на дискутирањето).

Тоа што ќе се договориме за господин Наим Селмани ќе важи за сите. Ако предлагате 5 минути, тоа ќе важи за сите.

Дали сите присутни пратеници се согласуваат диску-сиите да бидат ограничени на 5 минути, во кое време е доволно да се каже се што се сака. (се согласуваат).

НАИМ СЕЛМАНИ:

Јас синојќа се јавив за збор, меѓутоа, денеска имам можност да се искажам. Ма да немам конкретни предлози, тоа го кажав и на Комисијата, ќе настојувам пократко да зборувам но да придонесам за натамошно подобрување на текстот.

Со стапувањето на измена и дополнуваве на Уставот на Македонија, самото пристапување е од историско значеше и само за себе претставува како голем АВНОЈ за народите на Македонија. Не заради тоа што пристапуваме и кон измена на Уставот, туку заради времето и местото кога се прават ваквите измени учесниците на измените, што за прв пат во својата историја од постоењето барем ќе инсистираат рамноправно да учествуваат во креирањето на еден Устав кој ги гарантира достојните граѓански права.

Нема народ во својата историја што така лесно може да се откаже од својата историја од своите историски стремежи, па според тоа и народите на Македонија, а тоа не очекувам и од албанците. Се бара максимална толеранција и почитување на традицијата, културата и другите особености на секој народ и граѓанин. Без градењето на мостови за заеднички живот на овие простори на кои со векови живееле заедно во такви услови нашле заеднички соодветни точки за заеднички живот, а денеска, во сосема поинакви услови тешко можеме да живееме едни покрај други, што"длабоко сме убедени дека ваквиот живот е бесперспективен.

Можеме да констатираме дека донесувањето на ваквиот устав за нас , народите што живееме во Македонија, претставува нова страница на историјата, пред се заради тоа што се креира судбината на народите на Македонија од

четириесеттата година во кои ниту еден од нас не бил присутен , а албанците највиште од ваквата работа биле запоставени.

Кога се има во предвид дека македонската нација е многу касно формирана како нација, а пак од другата страна постојано од соседите се негира , а посебно од албанскиот народ се негира , освен од албанскиот народ па од тука е разбирливо создавањето на комплекс за стварање на една национална држава, меѓутоа по никој случај во штета на друга која што исто така и треба да се најдат со себе со овој Устав како и рамноправни граѓани.

Ако сакаме да бидеме модерна демократија и парламентарна држава тогаш мораме да се залагаме за модерен устав. Факт е тоа дека Словенија и Хрватска си го донесоа својот устав каде што рпетежно го потенцираат националниот карактер, меѓутоа, во уставот на Хрватска, освен хрватскиот народ е потенциран и српскиот како граѓани од втор ред. Па од тука произлегува дека ваквиот устав е неприменлив во Хрватска и тоа треба да ни служи како пример во Македонија дека таква работа не може да стои. Во формулацијата стои дека Србија е држава на сите граѓани што живеат во неа иако никогаш немало своја примена освен терор над албанците во Косово.

Мој предлог е да донесеме еден устав каде што сите граѓани ќе бидат, писмото, јазикот и културата, традицијата, симболите , се што му следува на еден граѓанин во еден цивилизациски свет. Но доколку преовладува мислењето во уставот да се иницира националниот елемент, тогаш е неминовно албанците како народ да бида конститутивен елемент на Републиката.

Ако најдеме дека Македонија е современе, демократска и парламентарна земја тогаш ќе видиме дека Македонија е заедничка татковина сите граѓани што живеат во неа без да му се даваат предимства на било кој народ, а и

според мене исправно, бидејќи скоро во сите параламентарни земји така и стои.

Исто така, е посебно за потенцирање и истакнување политичкиот консензус во оваа вонредна причина што Македонија е повеќенационална држава, а за виталните, националните и други човечки права, не може да се решава по пат на надгласување бидејќи ова би не одвело во бескрајност.

Во парламентарните и повеќенационални држави несватливо е без политички консензус кога се работи за вакви политички и други права што следуваат на еден граѓанин.

Во принцип се залага за самостојна и суверена држава на Македонија како заедничка држава на сите граѓани што живеат во неа или доколку не се постигне политички консензус, договор тогаш прифаќам заедница на суверени држави на Југославија, а што прифаќам со една голема резерва имајќи го предвид искуството на Република Србија, те нејзиниот однос спрема другите републики, а и спрема Македонија.

Го почитувам ограничувањето на времето. Имам само уште еден

предлог.

Предлагам во последната реченица на уставот, односно во Преамбулата да стои , каде што стои дека "Македонија е држава на сите граѓани", наместо да стои "на сите други граѓани", да стои "на албанците, турците и други".

СТОЈАН АНДОВ:

Збор има господин Мерсим Половани.

МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:

Дами и господа, ми причинува задоволство што овој пат дури и ќе биде санкционирана должината на зборувањето, инаку јас не патам од тоа.

Неспорно е дека Уставот претставува највисок правен акт на една држава. Највисок и највитален договор меѓу нејзините граѓани или закон над сите закони. Уставот претставува конституанса со ко] се поставуваат темелите и одредува конструкцијата на државното, политичкото и економското устројство на една држава.

Токму поради ова зачудува фактот што имаше, а еве и денес во овој момент има обиди, макар и во фаза на Нацрт односно преднацрт, тој да се провре тихо дури и без дебата. Во најмала мера, барем околу неговите основни начела и поставки. Фактот дека предложениот текст на Уставот претставува обид за правање на модерен устав, демократски устав, но факт е и тоа дека истиот е оптоваран со историцизам, пред се во Преамбулата и национално обоен во нормативниот дел , а не е ослободен ниту од премиси и елементи што се давно надминати во уставите на парламентарната демократија.

Тргнувајќи од фактот дека правилното решавање на националниот статус наалбанците во Македонија е суштинско прашање за остварување на демократијата, за зацврстување на мирот и стабилноста во Републиката и услов за вклучување.во европските интеграциони процеси, притоа, имајќи го предвид заедничкото историско минато на славомакедонците и албанците и другите во Македонија и досегашните заеднички напори во изградбата на Републиката, како заедничка држава на сите нејзини граѓани, а'во согласност со Декларацијата за рамноправниот статус на албанците во Македонија, предлагам, во новиот устав односно неговиот Нацрт во оваа фаза да бидат вградени одредби со содржини како што следат:

1. Во Република Македонија, сите нејзини граѓани како поединци или колективитети да се рамноправни, да имаат исти права и обврски , одговорности и да се носители на суверенитетот

2. Организирањето и функционирањето на власта во Републичката и локалната власт и самоуправа да се заснивaат врз резултатите на слободните и демократски избори.

3. Националниот состав на собранијата да е појдовна основа на состав на сите органи на власта.

4. Во Републиката да не се потенцира кој ќе биде службен јазик, бидејќи тоа не се прави во најголем дел на современите демократски устави. А, доколку се инсистира тоа да се стори во тој случај да се гарантира дека покрај македонскиот јазик и писмо во подрачјата каде живеат албанци службен јазик и писмо да биде и албанскиот јазик и писмо.

5. Со Уставот на Република Македонија да се гарантира рамкоправност во административниот, образовниот, културниот и општествено-политичкиот систем.

6. На сите граѓани на Република Македонија да им се гарантира правото на изучување на својата национална култура и традиција, да основаат установи и организации за реализација на тие права, како и правото на употреба на националните и верските симболи.

7. Република Македонија да пропише уставно правен механизам, совет, комисија, како што тоа е сторено, до некаде, во член 49, ми се чини, 71 од Нацртот на Уставот со кој ќе се гарантира дека сите прашања од меѓунационалните односи ќе се решаваат со консензус , а не со надгласување и прегласување.

8. Убеден сум дека со еднаквиот статус на сите граѓани во Република Македонија, а со тоа и на албанците , како историски автохтон народ на овие простори, ќе биде гаранција за мир и заеднички просперитет на оваа држава.

Почитувани дами и господа, обрнувам внимание дека неопходно е потребно инкорпорирањето на горенаведените принципиелни начела и забелешки уште во сегашната фаза на Нацрт на Уставот и така да оди во јавна дискусија. Страхувам дека нивното евентуално нерпифаќање, односно нецелосно прифаќање не ќе биде добро сватено кај голем дел од населението, пред се од западниот и северозападниот дел на Републиката, а кое нешто може да има негативен одраз и врз претстојниот референдум за самостојна Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Дозволете ми една напомена, иако можеби некој ќе приговара зошто ја правам.

Констатирам дека господинот Положани овде употреби термин "славомакедонци" што не сум го сретнал во програмата на неговата партија на која припаѓа, не сум го сретнал во настапите ниту на еден од припадниците на таа партија

и функционери, не сум го сретнал во јавниот и политичкиот живот во Македонија , за македонското население и македонскиот народ и припадниците на македонската нација во Македонија. Тоа е факт штО го спомнува тој прв пат, не знам на кого тоа мисли.

Меѓутоа, не навлегувам во расправа по тоа, само констатирам.

Инаку, што се однесува до ограничувањето и да некој сака да го протне Нацртот овде, никој немал намера. Ви знаете каква се широка расправа се водеше и во Уставната Комисија и во сите други работни тела. Сега, ограничувањето на времето на пленарнава седница е предложено од пратениците и пратениците го изгласаа тоа како одредба. Господин Положани не изнесе друг предлог. Затоа мислам не држи неговата забелешка.

Дозволете ми да одиме понатаму.

Според списоков, на ред за дискусија е Џелил Таири. Но, тој е во Сараево.

За дискусија се пријави господин Вецко Личоски.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

Јас нема многу да ве задржам, само сакам да изнесам дека во член 58 каде што стои "Република Македонија го поттикнува стопанскиот напредок и социјалната благосостојба на своите граѓани, се трижи за порамноправен просторен и регионален развиток", да се вметне уште реченицата""и за побрз развој на стопански недоволно развиените краишта во Републикава".

Ова го предлагам поради тоа што нашето подрачје, нашата општина, е така пасивна и не само нашата, туку целокупното западно поднебје во кое влегуваат и другите општини, тие се пасивни и да бидат вметнати во Уставот, односно уставотворно да бидат решени во однос на овој развиток. Особено, 'селата што се наоѓаат во тие краишта, поготово кај нас, се толку испустени што се оставени само старци и на тие луѓе треба да им се помогне во однос на нивната егзистенција.

СТОЈАН АНДОВ:

Збор има господин Наум Симјановски.
Господинот Симјановски се откажува . Збор има господин Сејфедин Харуни.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Јас не можам за пет минути да го кажам тоа што сакам.

СТОЈАН АНДОВ:

Ако ги замолиме пратениците да дозволат.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Времето е поределено, меѓутоа не ќе можам за толку, но сепак ќе се обидам нешто и јас да придонесам за овој голем чин.

Во овој Парламент треба да се решаваат сите и најчуствителните прашања по пат на дијалог, полно почитување за заедничк мирно живеење и соработка.Тоа е нашиот легитимитет од народот, тоа е интерес на сите жители во Македонија, односно тоа го бара македонскиот народ, тоа го бара албанскиот народи подеднакво тоа е интерес на Муслиманите, на Турците, Ромите, Власите и други. Само врз таква основа може да изградиме суверенаи самостојан Македонија, модерна и правна државаспособна за решавање на најсудбо-носни одлукиза сите наши жители. Наш интерес е да развиваме способно општество, демократско општество кое ќе ги уредува внатрешните односи по мирен пат развивајќи секој вид толеранција верска , национална, политичка, бидејќи живееме во балканските простори кај што се испреплетени мултинационални интереси. А што е најпожелно секој сака да ја сочува својата самобитност,с војот дух, својата вера и својата историја.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ: (Продолжение)

Сето ова е можно само низ висок степен на разбирање и толеранција и без било каков обид да се загрози соседот. Со добри решенија се доаѓа преку борба на различни мислења, алтернативи и низ сестрана јавна дебата. Има прашања за кои е неоп-ходен консензус на сите политички партии за да не се доведат во прашње некои основни национални цели и вредности. Поделеноста или неспособноста на партиите да се постигнат заеднички решенија по такви витални прашања, би водело кон тешки внатрешни судири, нестабилност и взаемни пресметки што денес еве и во пошироката наша заедница и се соочуваме. Историјата ни сведочи секогаш за таквите состојби што биле повод за потчинување, поробување или пак за внатрешно суспендирање на човечките права, демократијата и слободата. Такво нешто не смееме да дозволиме, поради тоа што тоа никому не му оди во прилог, а најмалку на Македонија која е мултинационална заедница. Сетоа она што ја ограничува слободата на човекот, човечките права, правата на иницијативи, на слобода и економска активност, се што пречи на слободата и на трудот, на умот и на творештвото на секој човек треба да се отфрли и да се замени со она што е цивилизациски проверенб и што го шири кругот на човекот и неговите интереси. Преку ноќи не можеме да очекуваме да се решат напластените кризни состојби. Сепак, нашиот чекор треба да биде успешно насочен кон излезот од кри-зата и да се отвора перспективи за развој. Ние се изборивме за демократија, тогаш неможеме да бидеме затворени, туку отворени за дијалог, да бараме заеднички решенија, да се

трудиме да се намалуваат споровите и судиите, а не тие да се множат. Не смееме да се вратиме кон минатото на Балканот, бидејќи за таа суровост сведочи историјата, за таа тесноградост сведочи минатото, за таа меѓунационална заслепеност и омраза сведочи човештвото. По тој пат единствено се отвора перспектива за не само политичките решенија, туку и за условите на економскиот просперитет на Ма-кедонија во решавањето на животните проблеми на луѓето. Ако успешно се развиваме во економската свера, секако ќе растат и ќе се прошируваат нашите вкупни можности за да се постигне сето тоа од нас се бара максимално ангажирање, максимално свесно дејствување и секако многу пот. Единствено економскиот раст може да го спречи нашето разочарување. Обичниот човек тоа го бара од нас, а не на вештачки начин да блефираме по познатиот речник, суспендирајќи или пак понижувајќи ги едните со национализам, шовинизам, сепаратизам, албанизација и со фашизам.

Дами и господо пратеници, крајно е време на сите оценки што се однесуваат за а;лбанскиот народ да им се отвори пат за по-зитивно и реално решение објективно и одлучно еднаш за секогаш. Инаку, ниту една  форма за решавање на проблемот на албанците во Македонија па и пошироко не може да опстане без почитување на волјата на претставниците на тој народ. Недемократските решенија, импонираните решенија, тие решенија што повеќето од народот нема да го прифати, однапред се осудени да пропаѓаат. Неможе да има легитимни проекции за албанскиот народ во Македонија, па и по-широко, се додека тој останува само објект за дискусија, а не рамноправен учесник во разговорите за идното уредување на новата заедница Македонија. Поинаку и неможе да се воспостави решение за ниту еден дел, за ниту еден народ, заправо во неа кој што живее Така, само моментално или многу кратко некој може и да се излаже. Што побргу ќе се свати ова како потреба, дотолку побргу ќе се средат многуте напластени проблеми во нашето општество. Ќе беше голема катастрофа доколку оценките за албанците ќе подлегнат на политичките стереотипи во последната декада. Затоа, мислам дека денес повеќе отколку било кога е потребна една  реална анализа на албанската состојба, една анализа која ќе ги отстранува заканите, импонирањата, репресиите, обвинувањата и етикетирањата, една анализа која душевно ќе го ослободува албанскиот од окната што му беа направени низ историјата, на културата, на јазикот и на целото негово национално битие. Крајно е време за албанците да се зборува и да се пишува и оние што до вчера заправо го минимизираа, го понижуваа и тн. Никогаш колку денес и како денес не сме имале толку луѓе како во Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам формулирајте ги предлозите, бидејќи сето ова е образложение. Собранието на друг начин одлучи. Вие имате уште 2/3 за читање, бидејќи 1/3 прочитавте, а веќе 8 минути читате. Затоа, дискусијата можете да ја приложите. Дискусијата приложете ја и таа ќе биде составен дел на рапсравата. Но, можете и да ги формулирате предлозите. Да се држиме до договорот кој сега мене ми е наложен од Собранието.

За збор се јави господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Господине претседателе, дами и господа, точно е тоа дека денес расправем за еден нацрт-устав, за кој веќе сме дале завет дека тоа ќе биде модерен устав. Меѓутоа, за модерен устав би требало да расправаат можеби и модерни луѓе. Точно е тоа дека јас кога би ме прашале мене дали овој устав треба да има преамбула, јас би рекол не би требало, кога би живееле во модерни и други услови. Меѓутоа, познавајќи ги приликите сите ние што сме тука во ова поднебје, мораме по се изгледа да имаме една преамбула од овој устав и во тие 13 редови да искажеме нешто од нашата заедничка историја. Добор е што тоа е кажано, меѓутоа би требало кога се искажува таа историја во тие 13 редови, мислам добро и без доминантна нација таксативно да се спомнуваат и другите кои учествувале во создавање на една наша, модерна македонска држава.

Се гледа дека имаме еден висок степен на загриженост и јас апелирам и на еден висок степен на разум, затоа што сите ние и македонците и албанците и турците, ромите и сите гледаме дека имаме една шанса да живееме во една модерна Македонија. Иако јас потсвесно вака се прашувам понекогаш зошто пак секогаш предлозите од парламентарната група ПДП и НДП се отфрлуваат без пардон понекогаш, меѓутоа, се прашувам зарем не сме толку умни или зарем понекогаш претставуваме некој опасен знак по живот, јас мислам дека не, затоа што историјата тоа го покажала дека ние сме умееле да живееме заедно. Овие се трауми со години можеби всадени и сталожена една свест морам да кажам и тоа дека неи до неодамна бевме и политички протекторат како репбулика и тоа свесно и сталожено од други. Донесуваме граѓански устав со елементи на националност и меѓутоа тука малку грешиме, затао што во националностите ги симнуваме вака степенасто. Јас мислам дека без степени односно без степенисување и македонците, албанците, турците, ромите, власите, муслиманите и сите кои живеат во Македонија имаат заслуги за постоењето на оваа Македонија и да постои понатаму. Зошто не би ја искористиле таа шанса сега, без никакво туѓо влијание и да покажеме умеење и племенитост во нашиот соживот. Јас мислам дека таа шанса можеме да ја искористиме. Ние во Македонија беше или што беше во овој устав ја гледаме нашата последна шанса да живееме рамноправно во ова поднебје. Во спротивно, морам да го кажам и спротивното, ако ќе биде нашата судбина многу лоша, тогаш во таа судбина ќе се вовлечат и сите други, а најголемата вина ќе ја имаат тие кои имаат односно кој се болни од хегемонија. Македонија својот завет пред Европа го даде дека ќе биде вистинска демократска држава, ќе треба да го птоврди и со највисокиот, за мене и правно-политички акт уставот на Република Македонија. Мирот кој денес ни годи треба да го чуваме, затоа што ако еднаш се губи, тешко се враќа и мислам дека сме сведоци на тоа. Не ни требаат уште поуки, а народ кој ќе осети демократски здив еднаш, никогаш веќе нема да се покори. Јас мислам дека и по цена на живот, последниот пример во СССР. Ние Вгеќе живееме во еден демократски здив и затоа нема да се откажеме и не треба да се откажеме и понатаму од тој демократски здив.

Што се однесува до нормативниот дел на Уставот односно на нацрт-уставот мислам дека не би требало да ги спомнувам во корист на времето сите членови, затоа што во комисиите се кажани и впрочем тие се 2, 7, 45, 71, 77, 63 и 84. И ако селектираме од меѓународните конвенции, ќе селектираме поуки за такви конвенции кои одговараат и на македонското поднебје.

ЕШРЕФ АЛИУ:

Дами и господо со задоволство морам да констатирам дека текстот на нацртот на уставот на Република Македонија прави напори да се доближи до демократските устави во Европа. Ова најмногу се гледа во демократските права на граѓанинот. Овие начела и многу што шта во нацртот срећно се предложени, а можеби и посрећно. За мене не е прифатлива содржината на пре-амбулата каде историскиот скематизам и самопотрвдување. Ниеден устав во Европа нема вакви амбиции, бидејќи уставот е правен акт кој ги регулира односите во државата, без да го елаборира историското потекло на еден или повеќе народи. Нашиот устав не би требало да направи исклучок, бидејќи тој како други устави во други земји ги обликува битните начела во државната структура. Доколку се инсистира на преамбулата, тогаш покрај напорите на македонскиот народ за социјална и национална слобода треба да се истакне и борбата на албанскиот народ за исти цели заедно со македонскиот народ. Фактите ни се познати. Според тоа, Ма-кедониај не е држава само на македонскиот народ, туку и на албанскиот народ. Два народа имаат иста судбина во војните и мирот, во организацијата на тие војни за национална самобитност. Двата се бореле против туѓата хегемонија во ропство и презир. Уставот во никој случај не смее да ги релавитизира, ни да воспостави повторно поредок каде едниот е државнотворен субјект а другиот малцинство. Кому му се сервираат правата според вољата или каприцот на прволт. Со ваква диференцијација на граѓаните не се срећавме во уставите на Македонија. Предлагам целата преамбула да ја носи оваа содржина: "Македонија е држава на сите граѓани што живеат во неа". Во контекст на еден граѓански устав, на еден демократски устав само можам да признаам еден нацрт на устав каде националната рамноправност, слобода, употреба на своите симболи, слобода на школување на свој јазик, слобода на развивање на својата култура и другите кој не сакам да ги истакнувам по членови каде се во нацртот на законот, мегутоа, морам да го употребам народниот збор за мене лично овој устав малку ми изгледа како што кажува народот малку бакалница, малку пиљарница,

ЈОРДАН БОШКОВ:

Дами и госпoда, за мене е посебна чест што можам по оваа точка да земам збор. Јас своите гледишта ги искажав и на Комисијата, сега само ќе кажам две нешта што не се внесени во записникот од Комисијата,

Прво, јас се залагам за тоа македонската држава да го признае суверенитетот на Господ Бог. Имено, без благословот божји не може да биде, не може да рпоцвета никаква држава. Тоа е едната моја принципиелна заложба.

Втората се однесуваше и на Комисијата така настапив, сите држави од кои ние велиме учиме демократија во уставите свои разработиле механизми како може таа држава во дадени ситуации д се прошири. Кај нас тоа не е случајот. Да кажеме Франција, Португал, Германија се пофалени за демократија. Но, никојпат не се извикани и исвиркани за тоа што имаат во уставите и такви одредби со кои може и прекуокеански територии да бидат вклучени во склоп на тие држави. Ние, мислам дека со доза на дефетизам гледаме на ова и по малку ни е страв да уфрлиме и такви

одредби. Ако добро памтам овие одредби би влегле во главата односно во поглавјето каде што се зборува за меѓународните односи.

Не би должел пошироко како се тоа течеше припојување на прекуокеански територии, но мислам дека еден модерен устав и за една модерна држава која сака да чекори во демократијата и ова треба да биде еден од белезите.

ЃОРГИ КОТЕСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, Текстот на нацрт уставот на Република Македонија според мене претставува особено значајна солидна основа за јавна расправа. Се чини дека уште на самиот почеток, т.е. пред самиот чин на ставање на јавна дискусија, а конкретно во оваа денешна расправа некои очигледно, а можеби намерно и некако натпреварувачки мислат да дојдат до сопствената парцијална цел. Тие воопшто не прават основна разлика врз кои фундамент треба да се темели македонскиот устав. Само за потсетување, оваа Република Македонија постои како држава причински само до аспект на постоењето на македонскиот народ како основен субјект. Аналогно на ова нашиот устав треба да иде врз и круна на степенот на зрелоста и доооформувањето на македонската државност, а во теи рамки на македонската нација во целост. Инаку, ако-некој ги заборавиле овие основни аргументи, а нудат лични желби кои ни се добро познати во стипот и формата на претходната неурамнотежена и разорна долгогодишна политика на национален план, тогаш во голема мера би ја намалиле важноста, големината и основната суштина и причина за донесување на најзначајниот и највисокиот правен акт на суверена и самостојна Македонија. Инаку, Македонија има доволно разум и доволно ум да ги почитува достоинството на сите граѓани што живеат во неа.

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, во овие историски моменти нормално треба да се вратиме и во историските документи и публикации кои се јак доказ за заедничките борби на македонскиот, албанскиот и на другите граѓани од Македонија.

Не сакам поради времето да набројувам и да ги цитирам овие до-кументи, меѓутоа, директно ќе кажам дека Македонија е многу национална држава, па заради ова на Македонија и е потребен модерен устав, кои ќе биде ослободен од секаков монопол и од национална боја. Јас и кога беше иницијативата Уставот од претседателот Киро Глигоров реков дека во модерните и демократски земји постојат само 3 врсти на устави.

Што се однесува до сувереноста во модерните земји, сувереноста на еден модел од тие устави му припаѓа на народот во смисла на зборот демос.

Друд модел на таков устав имаме сувереноста им припаѓа на сите нации кои живеат во таа земја.

Третиот модел е тогаш кога сувереноста на припаѓа на граѓанинот како

субејкт во тоа општество. На Македонија во тие драматични моменти и е потребен еден модел од тие 3 устави, Новиот устав треба да му одговара на секој државјанин на Македонија, во спротивно тој устав нема да биде модерен како се изјаснуваме овде.

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ: (Продолжение).

Без рамноправност на сите граѓани кои живеат во Македонија нема да има ни реално сожителство. А ако сме нерамноправни меѓу себе, тогаш само по себе се подразбира дека сме многу далеку од демократска и цивилизирана Европа. На Албанците, Турците и другите од Македонија, Македонија им е татковина и овде сакаат да ја остварат суверeноста.

Почитувани пратеници, нешто за членот 7 од Нацртот на Уставот, во врска со рамноправноста на јазиците. Националните јазици и писма се богато културно наследство кое треба да се чува и негува, бидејќи проблемите поврзани со јазиците се тесно поврзани со меѓунационалните односи, па заради тоа мислам дека јазиците треба да се респектираат во нивната примена и употреба.

Оттука членот 7 треба да се преформулира на начин кој ќе обезбеди потполна рамноправност на јазиците и писмата, бидејќи вака како што е формулиран имплицира дискриминација бидејќи под-разбира задолжителна употреба.

Сакам да завршам со една убава мисла на големиот Гоце Делчев. Цитирам "Јас не ги мразам османците како народ, туку се борам против османската тиранија како владеечки систем. Јас се борам за слободна Македонија со широки права за сите сиромаси на сите нации, вери и јазици".

На крајот бидејќи сме ограничени со времето јас мислам дека не треба поголем коментар на овој цитат. Сега ред е и на македонците па и на албанците и турците да размислуваат во овие драматични мигови, па да го ставиме да функционира овој голем цитат од Гоце Делчев.

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата, претседателе на Владата и претседателе на Републиката, во мојата дискусија накратко ќе се задржам на неколку прашања кои до некаде беа опфатени тука, а ќе се погрижам да придонесам за да овој наш модерен устав биде уште подобар.

Ќе се задржам на поглавјата 3 и 6 и тоа само за 2 члена и ќе кажам дека некои работи по мене поинаку да се регулираат. Станува збор за прашањето на монополот. Овде имаше една дискусија на еден од колегите вчера, не се сеќавам кој беше, стана збор за прашањето на монополите, па јас би сугерирал иако тоа

прашање е регулирано во членот 56 формулацијата која е дадена тука мислам да биде поинаква бидејќи она што е речено тука дека Републиката презема мерки против монополската положба и однесување во стопанството мислам дека не е доволно јасно :и како се преземаат тие мерки и дали воопшто треба да се дозволи монополот. Поради тоа предлагам да стои одредбата, наместо ова што го цитирав да стои дека монополитите се забранети.

Во ова поглавје исто така по мое мислење недоволно е обработено прашањето односно формулацијата на природните богатства. Поради тоа предлагам да се даде одговор во членот 57 чии се природните богатства, кој стопанисува со нив, бидејќи она што е тука речено е многу воопштено, па би рекол да се одреди титулар. Истовремено да се даде и приказ на тоа што се смета под природно богатство.

Во областа 6 каде што се обработува прашањето на локалната самоуправа во членот 119 би додал став 2, кој сега не постои, и да стои: "во вршењето на локалните работи телата на единиците на локалната самоуправа се самостојни во согласност со статутот и Законот и подлегнуваат само на надзор на законитост само на овластените републички тела.

Неколку зборови ќе кажам, иако знам дека некои можеби ќе ми приговори, меѓутоа, морам да кажам и збор два за образованието поврзано со член 45. Дадена е една формулација која тука можеби е недоволно одредена, но сепак дава надеж дека одредени работи ќе се решат, па заправо поаѓајќи од тоа ги молам пратениците, ги молам сите членови на Владата да ме разберат бидејќи задолжен сум од жителите на с. Баланци да се стави крај на прашањето на отворањето на школото во с. Баланци односно во центар Жупа, бидејќи како што е познато минатата година останаа без школо, не го продолжија второто полугодие во високите одделенија од V до VIII.

БЛАГОЈ ТАШЕВ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, откако сум избран како пратеник во Собранието на Република Македонија од ВМРО-ДПМНЕ па до денес забележувам дека многу акти јазично не се корегирани. Ние претендираме на суверена и независна држава. Ако е така, јазикот е фундамент на државноста, покрај другите атрибути.

Не сакам да оддолжувам со ова прашање многу, затоа го замолувам Парламентот во иднина да не дозволи дефинитивните акти да одат во комуницирање без да се изврши јазичка корекција. Ова треба да се однесува на сите државни институции бидејќи македонскиот јазик е службен јазик во своето кирилично писмо.

Очигледно е дека јазично не поминал и текстот на Нацртот на уставот на Република Македонија за кој треба да се произнесеме и да го донесеме.

Мислам дека правилно ќе бидам сфатен во оваа смисла и во иднина

ќе им се укаже на сите државни органи дека треба своите акти да ги пишуваат на коректен, македонски литературен јазик.

ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, основна карактеристика на Нацртот на уставот на Република Македонија е тоа што тој е збир на преписи од разните устави и меѓународните конвенции за заштита на слободите на човекот, а првенствено дословен препис на францускиот устав, како и уставите на Хрватска и Србија. Најголемата грешка е тоа што уставните решенија на еднонационалните држави од европски тип сакаат да се применуваат како оригинални решенија на мултинационална заедница како што е Македонија. Одредбите на Уставот на Македонија без друго мора да ги одредуваат најкарактеристичните црти на заедничкото живеење во Републиката. Без оригинални решенија а со препишани членови од другите устави, овој устав на Република Маkедо'нија не само што нема да

ги решава натурените проблеми околу меѓунационалните односи'туку тој и понатаму ќе ги заостри до тој степен што ќе биде можно да се создадат потполно слични состојби како што ги имаме во другите републики а особено во Хрватска. Со верувањето на нивниот устав сосема сигурно дека Албанците нема да го прифатат како свој устав,без никакви аргументи и ненаучно ги третира како национално малцинство. Во ниеден устав на Југославија Албанците не биле национално малцинство, а тоа по никаква цена нема да го прифатат ни во сегашниот миг. Со тоа ако работите не се менуваат на добро слободно може да се каже дека Собранието на Македонија изготвува правен акт кој ќе ги задоволи потребите само на Македонците,па оттука нормално е само тие да го изгласаат. Иронијата е поголема што во истио текст Албанците се прогласуваат за национално малцинство додека во членот 5 се зборува за припадници на Македонскиот народ во другите земји. Оттука произглегува дека за составувачите на текстот една миниорна група од неколку илјади жители има поголем правен статус од една група со околу 800 илјади жители, државјани на оваа заедница. Плебирајќи да биде модерен и европски Нацрт-уставот на Република Македонија изградува јакубински тип на држава определбата "еден народ, една држава, еден јазик" а другите или ги сведува на обични граѓани без национална припадност или ги наименува само поединечно како Албанци и Турци или ги именува пежоративно со малцинство заборавајќи ги елементите што ги одликува како народ како што се автохтоноста, историчноста и виталноста.

Историцизмот и митологијата премногу се застапени во преамбулата на нацртот. Се настојува корените на нацијата да ги бараме од Адам и Ева, заборавајќи го фактот дека модерните граѓански друштва погледот го сфртуваат кон денешнината и иднината, а не кон минатото. Граѓаните се карактеризираат во 2 групи, едни со национална припадност кои имаат нацИонална држава, заборавен термин за европ-ските држави, а другите на граѓани без националност. Тоа значи

дека првите се граѓани од прв ред, додека сите други се г-раѓани од втор, трет или четврт ред. Едните имаат посебни права, додека, другите права во согласност со закон, или кои ќе ги пропишуваат со закони или други акти. Додека правата на едните ги регулира Уставот, правата на другите ги регулира Уставот, но со право да ги редуцира Законот, бидејќи не се во согласност со законот. Така, години station наназад на Албанците им беа редуцирани сите образовни права само затоа што Уставот им даваше ингеренции на Законот, во согласност со законот во средните училишта немаше услови за изведување на наставата на албански наставен јазик. Бидејќи ова уставно решение беше многу "успешно", во укинувањето на средношколството на албански наставен јазик Експертната група истата формулација како проверена во практиката на Болшевизмот ја предлага во член 49 став 3. Дека Албанците Јас сум малку вознемирен од повеќето дискусии од припадниците на албанската народност, а посебно сега од дискусијата од господинот Веби Џемаили и затоа си земав право, користејќи ја институцијата реплика да кажам некој збор. Не знам колку ќе успеам да се искажам за она што го чувствувам во овој даден момент, меѓутоа, сигурно ќе погодам ако кажам дека за се она што ќе се случува во иднина во Македонија и пошироко во Југославија и за се она што посебно ќе се случува наредните 30-тина судбоносни денови за Македонија како заедничка татковина и држава на сите граѓани кои живеат во Македонија во многу ќе зависи од тоа како ние таа иднина и тие судбоносни денови што не очекуваат ќе им ги прикажеме на тие кои што не избрале овде и кои што не пратија во едни услови на парламентарна демократија да направиме се што можеме што подобра иднина на сите кои што живеат во Македонија. Ми се чини дека некој елемент посебно во дискусијата на господинот Веби Џемаили исклучително негативно ќе се одрази на односот на припадниците на албанската народност кон референдумот и кон Уставот на Република Македонија. Ако се одразат негативно треба сите да знаеме дека последиците ќе бидат трајни и катастрофални по сите нас. Може да се случи опцијата која некои од припадниците на албанската народност ја заговараат, албанците на Балканот да живеат во заедничка држава или албанците во Југославија да живеат во заедничка држава навистина да се остварат. Само таа држава нема да биде таа држава која што ние ја заговараме со нашиот сојуз на суверени рамноправни држави, ниту Македонија ќе биде самостојна и самостојна држава.

Точно е дека неколку закони, донесени во последните две - три години, оставија впечаток и траги на репресивни односи спрема албанското население. Меѓутоа, апсолутно не е точно дека албанското население е целосно репресирано во сите сегменти од човековото живеење.

Во Македонија не можат да сторат ништо без согласност на Законот кој не мора да биде усогласен со Уставот се гледа и од член 7 каде се зборува за употребата на јазиците и се предлага единствен службен јазик во Македонија да биде македонскиот јазик и кириличното писмо, со цел после усвојувањето на Уставот некој "научник" излегува со тезата дека Албанците можат да го употребуваат нивниот јазик, но само со кирилично писмо, како што имаме можност да читаме овие денови. Изгледа дека во една мултинационална средина едните се осудени да бидат робови, додека другите да царуваат. Во многу на-ционална средина едните се задолжени да го учат

македонскиот јазик, додедка другите иако живеат заедно и едни покрај други не се обврзни да знаат ни еден збор од комшијата. Затоа, ако таква формулација во член 49 пореално е ако отпадне или се замени со реципрочен билингвизам.

На крај да го додадам и тоа дека современ устав е само оној кој дава оригинални современи решенија, без амбиции да ги препише уставите на земјите кои имаат еднонационален состав на населението и голема економска моќ без амбиции мали народи да сонуваат големи соништа, соништа на големи народи.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, немав намера да се вклучам во расправата по Уставот уште од самиот почеток и ако се случеше да учествувам во расправата, најверојатно ќе излезев само на Нацртот на уставот да му пожелам толку денови колку што е потребно за успешна јавна расправа, а на Уставот кој ќе го донесеме да му пожелам длабока старост и тоа во европска смисла.

Апсолутно не е точно ни тоа дека албанското население е обесправено и целосно репресирано во сферата на образованието со исклучок на овој дел кој што го кажав. Апсолутно не е точно дека Македонија денес излегува со устав во кој се сосема скратени правата на припадниците на албанската народност дека пежоративно се нареку-ваат малцинство, дека во нормативниот дел има многу малку елементи на еден модерен демократски граѓански устав. Можам сосема слободно да изјавам,со оглед на тоа дека си ги знам чувствата спрема албанскиот народ без никакви предрасуди, со почитување кон чесниот однос кон работата и се она што го чини образот на луѓето, да кажам дека сум горд" што доживеав и што сум современик на генерации кои што покрај сите тие заеднички историски премрежја низ кои што поминавме сепак успеа да прескокнат децении и векови и да постигнат резултати на сите' полиња на човековото делување на европски рамништва и да доживееме времиња какви што се овие денешниве, да изградиме и устав, закон над законите, кој што со таа можност која што ја имаме духовно и интелектуално... Јас ве молам да не ме прекинувате.

СТОЈАН АНДОВ:

Ги минавте рамките.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Знам дека сум ги поминал, ова се тешки и судбоносни моменти. После денешната седница не смееме да внесеме понатамошен раздор во натамошните меѓунационални односи и ние денеска треба со отворено срце и човечки да се издоговориме.

Да завршам, се гордеам што имаме пред рака Нацрт на устав кој што толку колку што имаме интелектуална и не знам каква друга духовна можност успеа европските стандарди да ги преслика во себе. оЗа тоа, посебно сакам на овие три пункта да се задржам.

БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ: (продолжение)

Припадниците на Албанската народност во Македонија апсолутно не се обезправени или подредени во економскиот дел. Не само што се рамноправни, туку со оглед на некои тешки субитија и посреќни денови повоени дури од македонскиот народ се наоѓаат во порамноправна економска положба. Во политичкиот дел што се однесува до Уставот може да дискутираме само за 2 до 3 пукта. Едниот пункт е преамбулата, вториот пункт е норамтивниот дел. Тврдам дека нормативниот дел на нашиот Устав е толку примерен на сите граѓански устави во Европа колку што можевме на нашите прилики да го прилагодиме. Нормативниот дел кој што е вклучен, кој што предизвикува правни последици и дејства. Меѓутоа, се обраќам и до македонскиот народ и до припадниците на албанската народност и до припадниците на сите други народноси како што се досегашниот наш Уставдека треба сите да разберат, дека Македонскиот народ со се она што го направи досега со сите негови придонеси за развојот цивилизациски на Европа и на целиот свет заслужил да има конечно и тој е една своја матична држава. и секој кој е за сожителство, секој кој што, да не ја употребувам излитената синтагма за братство и единство, секој кој што претен-дира на тоа дека братски треба да живееме треба да се радува што и македонскиот народ доживее да сотвари своја матична држава. Ние се радуваме што албанците имаат своја матична држава и што никој не претендира на таа држава и што обезбедила вековност. Меѓутоа, очекуваме и сите со кои што сакаме да живееме заедно да сватат дека и Македонците како и Курдите и не знам кој цивилизиран народ треба еден ден да остварат матична држава. Зошто тоа го зборувам. Терминот малцинство е употребен во склад со сите меѓународни норми и кодитикации и терминологија. Секој што има

остварено матична држава, а живее надвор од неа има третман на малцинство. Македонскиот народ кој што ке оствари матична наци-онална држава, а не живее во таа матична држава, тоа е случајот со македонсккиот народ во Бугарија, Грција ке има помеѓу народните норми третман на малцинство.

Член 7 беше посебно потенциран и член 49. Се обраќам до целокупната јавност да се знае дека ставовите, пасусите во член 7 кој што го обработуваат правото на образование и член 49 во целост се преземени од фактот за човекови права и од универзал-ната декларација. Ако ние се залагавме целосно за вградување на сите човекови прави и слободи што ги познава цивилизираниот свет и ги зацртавме внатре, немојте да ја прикажуваме многу негативно или во многу понегативна слика состојбата од колку што е.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Јас ке бидам краток и ќе се придржувам на она што занчи реплика. Навистина непријатно се чувствувам- да реплицирам со г-динот Ханџиски кој посебно го ценам, меѓутоа кога рече дека не треба вака да се прикажува сликата како што се обиде претходниот дискутант Џемаили да ја прикаже овдека, јас господинот Ханџиски само ке го потсетам со неколку настани кои навистина убеден сум дека и тој ги знае. Рестриктивната политика која почна да се применува кон албанците од 1981 година која зема замав и 1983 година и овие денови кој денеска ги живееме доведе до тоа албанците во Македонија

топонимите кои вековно ги употребуваа да не можат и понатаму да ги употребуваат. Не може да ги именуваат децата по желба на родителите кое право цивилизирано е познато во целиот свет. Почнаа да се уриваат зидовите околу куќите каде што загинаа и човечки животи. Почнвуаат да се уриваат џамиите впрочем и од моето подрачје каде што доаѓам. Употребата на знамето кое беше со години практикувано со Устав беше забрането. Се дифернцира наставниот кадар и се затворија немал број училишта. Од 39 кои функционираа во 1983 година денеска функционираат само 4 до 5.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас Ве молам г-дине Зибери, затоа и на претходникот му упаднав. Можеме да подготвиме таква расправа ако треба меѓутоа, сега е Нацртот на Уставот.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Господин претседателе, јас одкога излегов овдека реков дека нема да дискутирам по Нацрт на уставот, туку само ќе реплицирам. И во функција на репликата ова го кажувам. Ако сметате дека со ова јас го злоупотребувам времето, морам да одам од оваа говорница.

СТОЈАН АНДОВ:

Не станува збор, за реплика, туку станува збор за пренесување на темата.

ХАЛИЛИ МУХАМЕТ:

Мене не ми е намерата да му реплицирам на господинот Ханциски, само да го потсетам дека член 49 став 4 или 3 каде се зборува за школувањето е преземен директно од стариот Устав, точка до точка и тоа каде пишува дека тие имаат право во склад со Законот, а со оваа синтагма во склад со Законот некој научник тука во Македонија нашол дека нема услови во средните школи за образование на  абански јазик.

СТОЈАН АНДОВ:

Се разбира, секоја формулација на секој член е на јавна расправа. И во јавната расправа ке се утврди дали е одземе-но од конвенција или од друго место или е  наша оригинална кон-струкција или договор итн. Затоа сега не би одел понатаму во рас-чистување на секој детал. Тогаш не би требало да имаме јавна расправа.

ХАРУНИ СЕЈФЕДИН:

Јас ке бидам многу краток. Еден пример само ќе кажам. Дали бевке обезправени, дали бевме рамноправни, мислам дека само еден потаок тоа ке го каже. Само во Скопје на сите наставни јазици само во основно одделение завршуваат 7.000 ученици од кои од 30 до 40% се од албанската припадност. Во средно образование тој број е над 2.600 околу 2.800. Право да се запишат' во средно училиште имаат само во "Зеф Љуш Марку" и тоа 3 паралелки 105 уче-ника. Господинот Ханџиски нека пресметува колку е тоа посто учество на таа популација  во средните училишта, а за високи и други нема потреба. Друго е она што исто така основни училишта имаме затворе-но. Некни стана збор дека се гости од Горно Врановце, а во Горно Врановце и "Нова Македонија"е отпечатена. А што се однесува дека албанците се најјаки економски тоа е точно. Меѓутоа, на нашите работи што  нашата широка популација, за среќа таму не се побара-ло политичка подобност, а тоа е со овчарскиот стап и со лопата ширум Југославија.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние можеме да продолжиме на овој начин, тоа сигурно нема крај. Јас и ви напоменав дека изгледа изградивме една нави-ка еден на друг да си кажеме и вакви и такви работи, меѓутоа јас сепак предлагам токму тоа дава на крајот на краиштата една друга слика ако некој овде може да зборува за сите тие работи значи сепак има право да ги каже, да ги изнесе, да ги покрене. Ние можеме да расправаме може и задача на Владата да дадеме материјали да се обработат, меѓутоа, сигурно кога расправаме за Нацртот на Уставот не можеме да утврдиме точно колку ученици од која народност, во кое училиште учат итн. Тоа се сепак посебни теми за кои треба да се разговара. Она што сега треба да го утвр-диме треба да видиме каков Устав правиме, го поддржуваме ли тој Устав, дали е тоа насока или сакаме да останеме во досегашните решенија. Па нам не ни треба и други решенија.

МИТХАТ ЕМИНИ:

Само сакав да напоменам дека во врска со овој член 49 уште во Уставната комисија интервениравме, при крајот ако се сеќавате да сториме некоја гаранција која ќе ги обезбеди овие права. Тоа е направено од Уставната комисија со една маана само ја задолживме оваа експертна група дека ова не е избришано во согласност со Законот, бидејќи се интерпретира така како што се интерпретира према политичките бои да не стои и натаму ова што стои тука.

СТОЈАН АНДОВ:

тоа е еден од предлозите што ке бидат ставени во јав-ната расправа и ќе бидат составен дел на јавната расправа.

ПАУНОВ ТЕОДОСИЕ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас би сакам само неколку збора да кажам она што би требало да го направиме. Како што е предложено Уставот на Република Македонија да го прифатиме со водените дискусии и да биде расправано во секое место, во секој реон, во секоја населба. При тоа, сакам да напомнам уште дека во член 55 до 61 не е ставено планирањето што треба да го има во стопанството и не е ставена сопственоста само е потенцирана државната, јавната сопственост, додека задружната, мешовитата и личната сопственост не се ставени, што мислам дека треба да се стават и тоа да се стави за општествената сопственост до кога би требало закон да се донесе со неа да се расчисти да помине во друга сопственост во Уставот. Исто така мислам дека не е кажано за банките за некои основни начела кои што требало да бидат. Заради тоа предлагам вака како што е да завршиме со дискусиите и да го прифатиме и да одиме на јавна дискусија.

СТОЈАН АНДОВ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Текстот на Нацрт на Уставот на Република Македонија.

Нацртот на Уставот на Република Македонија, Собранието го утврдува со мнозинство гласови на сите пратеници.

Текстот на Нацртот на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака? (бурен аплауз)

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Ние како пратеничка група од ПДП и НДП во коалиција расправавме да долго и широко денеска за Нацрт Уставот и за последниот чин. Меѓута, ние како пратеничка група во консултација и со господинот претседател дека треба да се изгласа Нацрт уставот за да оди во јавна расправа, но да се потенцира и тоа дека ќе оди со сите забелешки кои се искажани во комисиите.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас тоа го реков, меѓутоа повторно ќе нагласам штом тоа го барате.

Според тоа, да утврдиме резулти од гласањето.

Кој е за;молам да крене рака?(92 пратеника)

(бурен аплауз)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека сите присутни пратеници едногласно и со акламација го прогласија Текстот на Нацртот на Уставот.

СТОЈАН АНДОВ (продолжение)

Молам, кој е за нека крене рака? (92 пратеници се за)

(Аплауз)

Молам, дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласашето?(Никој)

Констатирам дека сите присутни пратеници во салата едногласно, со дигање на рака, а истовремено и со акламација гласаа за текстот на Нацртот на Уставот на Република Македонија.

По повод нацртот на уставот на Република Македонија, предлагам да ги донесеме следниве заклучоци:

1. Нацртот на Уставот на Република Македонија се става на јавна дискусија. Јавната дискусија трае до 15 септември 1991 година.

2. Нацртот на Уставот на Република Македонија ке се објави во "Нова-Македонија", "Флака е влазеримит" и "Бирлик".

3. Граганите, политичките организации и другите форми на организираше и здружување на граганите, како и другите учесници во јавната дискусија, своите забелешки, предлози и ругестии по Нацртот на Уставот да ги упатуваат непосредно до Комисијата за уставни прашања на Собранието на Република Македонија.

Се задолжува Комисијата за уставни прашања да ја организира, следи и сумира јавната дискусија по Нацртот на Уставот на Република Македонија и нај-доцна 10 дена по нејзиното завршување, врз основа на резултатите од јавната дис-кусија, забелешките, предлозите и сугестиите по текстот на Нацртот на Уставот изнесени во работните тела на Собранието на Република Македонија и на сендицата на Собранието на Република Македонија, да подготви и на Собранието да му достави извештај за резултатите од сите овие расправи и да подготви текст на предлог на Уставен закон за спроведувања на Уставот на Република Македонија.

4. Овие заклучоци да се објават во Службен весник на Република Македонија.

Предлогот на заклучоците ги ставам на гласаше.

Молам, кој е за нека крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани? (Нема)

Според резултатите  од гласањето констатирам дека Собранието на Република Македонија ги донесе предложените заклучоци.

Предлагам Собранието да донесе работен Заклучок со кој ке го овластиме претседателот на Собранието на формира работна група што ке изврши редакциско и правно-техничко подобрување на текстот на Нацртот на Уставот на Република Македонија.

Дали се согласуваме со предлогот на работниот заклучок? (Се согласувам

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 21-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 19,25 часот).